# Етички кодекс на Либерално Демократска Младина

## Член 1
## Предмет

Со овој кодекс се пропишуваат етичките стандарди и правила, начинот на однесување и делување на членовите на Либерално Демократска Младина (ЛиДеМ).

Со усвојувањето на овој кодекс, ЛиДеМ ја покажува својата посветеност за подигнување на нивото на политичка активност и дискурс внатре во младината и надвор во јавноста.

## Член 2
## Основни вредности

ЛиДеМ се стреми кон застапување на либерално- демократските вредности на младите и нивно поттикнување на учество во политиката, воздигнување на индивидуалните права, поддржување на слободата на изразување и обезбедување на еднакви можности на сите млади, почитување на достоинството на младинските членови во сите органи, без разлика на род, пол, етничка и верска припадност, сексуална ориентација и други определби.

## Член 3
## Промовирање на либерално- демократски иницијативи

1. Почитување на плурализмот на идеите и ставовите (*различен став и размислување*), што ќе придонесе за јакнење на младината и генерално на партијата.
2. Промовирање на заедничка почит и поттикнување на целосно и демократско учество во сите органи и настани.
3. Почитување на интегритетот и достоинството на членовите во младината во секое време.
4. Да нема привилегирани и дискриминирачки односи помеѓу младите по било кој основ.

## Член 4
## Однесување

ЛиДеМ бара однесувањето на секој член што учествува во секоја офлајн или онлајн активност на младината или надворешно претставување на истата со горенаведените вредности и промовира инклузивна атмосфера додека се спроведува ненасилна комуникација и балансирано однесување.

Во приватниот живот членовите со своето однесување да не ги нарушуваат својата чест и угледот, како и угледот на ЛиДеМ.

**Член 5**
**Дискриминација и насилство**

ЛиДеМ нема толеранција на пристап кон секаков вид на дискриминација и насилство вклучувајќи, но не ограничувајќи се на малтретирање, понижување, вознемирување, вербално, невербално, физичко или ментално понижување и заплашување.

**Член 6**
**Презентација на младински политики**

1. Членовите на младината се должни да го почитуваат угледот и достоинството при претставување на ЛиДеМ во било каков облик на јавно излагање и говорење (медиуми, социјални мрежи, кампањи, или друг облик на јавен настап и секој вид на комуникација).
2. Во својата комуникација, членот да не кажува лаги, навредува, понижува или заплашува или на кој било друг начин користи навредлив начин на изразување.
3. Членовите не настапуваат само од свое лично свое име, дадените објави на социјални мрежи, интервјуа, гостувања треба да бидат конзистентни и во согласност со програмата и заложбите на ЛиДеМ и не смее да содржат одлуки и ставови кои не се јавно објавени. Пред давање на изјави во јавност, членовите мора да се консултираат со раководството на младината.

**Член 7**
**Примена на етички начела во меѓусебните односи во младината и органите на ЛиДеМ**

1. Сите членови се должни да се придржуваат кон одредбите на овој Кодекс;
2. Сите членови се должни да се однесуваат професионално, морално, транспарентно и непристрасно кон одлуките;
3. Да се избегнуваат расправии, провокации и конфликти помеѓу членовите;
4. Да се почитува младинската хиерархија;
5. Во вршењето на својата функција се придржува на основните етички начела, стандардите и правилата на професионално однесување;

**Член 8**
**Доверба**

Од сите членови се очекува да ја задржат и да ја зајакнат довербата што е поставена во младината, органите на младината и генерално на партијата. Ова вклучува отстранување и ограничување на приватните интереси кои се во спротивност со вредностите на младината, избегнување активности и однесувања во приватниот живот што би биле против вредностите на младината.

**Член 9**
**Чесност и почит**

1. Членот постапува совесно, одговорно и транспарентно, без никакви корунтивни практики и не може да ја искористи својата позиција за свој приватен интерес.
2. Членот да не ја злоупотребува својата позиција над никого друг, дури ни над неговите противници. Членот не се почитува поради неговата функција, туку врз основа на неговите постапки и правилни одлуки.
3. Членот мора да има почит и во односите со луѓето и во односите со своите колеги и на другите членови во партијата.

**Член 10**
**Одговорност**

1. Секој член од младината може да поднесе жалба за прекршување на одредбите на овој Кодекс до раководството.
2. Во случај на какво било несоодветно однесување, дефиниран во етичкиот кодекс, по последователен редослед и во зависност од тежината на дејствието:

    - Потсетете ги членовите за нивната обврска да постапуваат во согласност со овој Кодекс
    - Контактирање со раководството на младината
    - Предупредување за соодветно однесување
    - Суспендирање на членството во младината до понатамошно известување
    - Исклучување од членство во младината

3. Во случај на насилно или друго, потенцијално незаконско однесување во согласност со законите на земјата, контактирајте соодветни државни органи или агенции.

**Член 11**
**Завршни одредби**

1. Централниот одбор на ЛиДеМ го донесува Кодекс по предлог на Централниот Одбор.
2. Кодексот може да се изменува и дополнува во иста постапка како постапката на негово донесување.
3. Кодексот стапува на сила веднаш по неговото усвојување.